*Маргарита ПЕШЕВСКА* **УДК: 323.1(569.41/.43)„19/20"**

# СИТУАЦИЈАТА НА БЛИСКИОТ ИСТОК ПО 80-ТИТЕ ГОДИНИ НА XX И ПОЧЕТОК НА XXI ВЕК

**_Кратка содржина_**

*Во крајот на XX век светот беше опфатен од големи промени предизвикани пред сé од падот на Белинскиот зид, перестројката во СССР и рушењето на Варшавскиот пакт. Тоа доведе и овие поромени да имаат влијание на настаните на Блискиот Исток. Тоа беше пропратено со војни меѓу државите и народите кои ја населуваа оваа територија. Таа ситуација беше подгревана од локалните лидери кои сакаа да ги прошират териториите за сметка на другите држави. Меѓу овие лидери се истакнаа Хомеини, кој сакаше да ја прошири Исламската револуција од Иран во сите арапски земји, како и Садам Хусеин, кој сака Ирак да стане најмоќна земја кај арапскиот свет. Тоа доведе до војна која однесе големи материјални штети и однесе многу животи. Слична е ситуацијата и во Израелската држава каде борбите кои почнаа од 50-тите години на XX-тиот век продолжија и на крајот од векот.*

***Клучни зборови***: *ИЗРАЕЛСКА ДРЖАВА,ПАЛЕСТИНА, ИРАК, ИРАН, ХОМЕИНИ, САДАМ ХУСЕИН, ЈАСЕР АРАФАТ*

## *Иранско-ирачката војна*

Во 80- тите години на XX век Блискиот Исток беше опфатен со една голема војна која скоро една цела деценија го потресуваше.Тоа беше Иранско-ирачката војна. Ситуацијата на ова подрачје почнала да се усложнува со доаѓањето на Садам Хусеин на чело на Ирак во 1979 година. Непосредно по доаѓањето на власт тој ја отпочна војната со Иран со оправдување дека го штити Ирак од ширењето на Исламската револуција од Иран. Во тоа време во Иран се одвиваше јака верска револуција раководена од ајатулахот Хомеини, со која целата земја беше опфатена од верскиот фанатизам. Хомеини одлучил да го шири шиитскиот фундаментализам меѓу Арапите. Иран преку ширењето на Исламската револуција сакал територијално да се прошири по долината на реките Тигар и Еуфрат. Исто така сакал да им покаже на исламските земји дека е јака сила и по симнувањето од власт на шахот Реза Пахлави кој беше финансиски помаган од САД. Ирачките шиити кои ја сочинувале поголем дел од ирачката популација се повеќе ги прифаќале фундаменталистичките идеи на Хомеини. Исто така многубројните шиити во Саудиска Арабија, Кувајт тргнале по ист пат. Поделени се мислењата дали Садам Хусеин ја почнал војната

да го спречи Хомеини да го шири фундаментализмот или дека тој бил принуден на тој чекор. Но факт е дека Садам Хусеин го обедини својот народ во заедничката борба против фундаментализмот на Хомеини и неговата револуција. Садам Хусеин со почетокот на војната сакал да го спречи Хомеини во неговата намера за ширење на револуцијата надвор од Иран. Во текот на војната арапските исламски земји застанаа на страната на Садам Хусеин и го помагаа материјално, на негова страна иако пречутно беа САД и СССР.

Војната за Ирак не беше лесна. Ирачките војски беа подобро обучени и подобро наоружани. Садам Хусеин располагал со три пати повеќе војска од Хомеини. Неговото наоружувањето било подобро. Како разултат на тоа Ирачаните имале помалку жртви бидејќи влегувале во офанзива кога непријателот на фронтот ќе бил заслабен.

На 20 септември 1980 година ирачката војска навлегла на иранска територија и за кратко време успеале да ги пробие иранските позиции и да навлезе длабоко на територијата. Била запоседната територија од 20 илјадна метри квадратни. На некои места навлезено било и до 80 км. во внатрешноста на Иран. По едногодишно војување, Иранците успеале добро да ги вооружаат своите сили преку трговија на црно со оружје и биле оспособени да преземат акција за истерување на ирачките војници од иранска територија.

Но, тоа не било и крај на војната. Хомеини често изјавувал дека војната нема да заврши додека Садам не биде казнет. Исто така тој изјавил дека Иран ќе ја продолжи војната уште дваесет години и барал од нацијата да се бори до последен човек, до последна кука. Во овие операции голема пожртвуваност и фанатизам покажале иранските војници т.н. “паздарани” кои не жалејќи ги своите животи со своите тела ги чистеле минските полиња поставени од Ирачаните.

Како резултат на цврстиот став на Хомеини да се продолжи со воените операции Иранците успеале во текот на борбите да ги вратат териториите од пред почеток на војната.

Под притисок на меѓународната заедница која преку ООН издејствувла да се потпише Резолуцијата 598 со која двете страни требало да ги прекинат операциите. Иран иако ја потпишал Резолуцијата имамот Хомеини се противел на тоа и изјавил дека потпушувањето на Резолуцијата е рамно на испивање на отров. Но, сепак тој бил спремен да ги прифати сугестиите на своите блиски соработници кои оцениле дека потпишувањето на Резолуцијата е во корист на иранската страна. Со тоа на виделина излегле повеќе проблем кои требало да се решат. Најголем проблем бил да се утврдат границите меѓу двете држави, имено пред да избие војната важел договорот од 1975 година потпишан меѓу шахот Реза Пахлави и Садам Хусеин. Но, со почетокот на војната Садам Хусеин изјавил дека не го признава тој договор. Втор проблем кој искрснал била размената на заробеници, а третиот репарациите. Двете земји пред избувнувањето на војната благодарение на нафтата живееле во благосостојба. Но, по војната излегле со огромен долг и тоа Ирак со 50 милијарди долари, а Иран ги изгубил кредиторите. Така двете земји се нашле во многу тешка финансиска состојба. Според некои податоци кои ги издала иранската страна војната

чинела една милјарда долари месечно или вкупно 100 милјарди долари вкупна штета за фронтот за изминатите десет години.

Во војната загинале околу еден милион војници и еден милион биле ранети, дел од нив останале инвалиди. Било употребено оружје, како и на боеви отрови.

Садам Хусеин со боеви отрови го гаѓал и сопственото население. Така во март 1988 година го гаѓал со боеви отрови и гас градот Халабџа во Северен Ирак, близу до иранската граница. Тоа е делот на Курдистан населен со 70.000 население. Областа е населена со Курди. Ова население во текот на Иранско-ирачката војна се борела на страната на Иран сметајќи дека по војната Иран ќе им даде автономија. Садам Хусеин со цел да го казни ова население им фрлил отровни материи од кои загинале 5.000 Курди, а биле ранети околу 10.000 лица. Како резултат на овие бомбардирања последиците кај населението од ова област се чувствуваат до денес преку смртност на населението, деформитети кај децата и др. Подоцна Ирак не ги спомнува овие бомбардирање, ниту пак никој од светот реагирал на потегот на Садам Хусеин се до моментот кога му се судеше и меѓу другите обвинувањата се спомна и овој инцидент. Иако Ирак е потписник на меѓународните конвенции против употребата на хемиско и биолошко оружје, но сепак не се придржувал на овие забрани.

Меѓународната заедница и ООН во текот на десетгодишната Иранско-ирачка војна немала никаква улога. Тие немо ја следела војната без да се утврди кој е агресорот. Неисполнувањето на обврските на основните документи на ООН, довело војната да трае долго и да има голем број на жртви.

### *Криза во Персијскиот залив во 90-тите години на XX век*

Влегувањето на Садам Хусеин во 1990 година во Кувајт е поврзано со Иранско-ирачката војна. Во текот на војната Кувајт и Саудиска Арабија стоеле настрана, но тие го помагале Ирак со пари. По војната Кувајт побарал од Садам Хусеин да му ги врати парите. Ирак кој сметал дека војната ја водел и за ова земја за заштита ни од исламската револуција која Хомеини сакал да ја прошири во целиот исламски свет. Затоа тој сметал дека ќе му биде отпишан долгот. Несогласувањето на Кувајт да го прости долгот довело до ирачка агресија на Кувајт. Садам Хусеин на 2 август 1990 година со војски влегол во Кувајт за да подоцна тврди дека тој е природен дел на Ирак.

Потезите на Садам Хуеин довеле до криза во Персијскиот залив, која прераснува во Заливска војна. Против интервенцијата истапила ирачката влада која се наоѓала во странство, како и населението и владите на сите арапски земји. Со таа војна биле загрозени интересите на повеќе големи сили како што се САД и некои Западноевропски држави бидејќи Кувајт бил најголем производител на нафта. Веднаш биле упатени апели до Садам Хусеин да се повлече, но тој на тоа не одговарал. По неуспешниот обид да се убеди да се повлече, бил свикан Советот за базбедност на ООН, кој на 30 ноември 1990 година ја донесол Резолуцијата 660 со

која државите кои соработуваат со Кувајт, можеле да ги употребуваат сите средства за да се примени Резолуцијата на ООН. Целта била да се натера Ирак да се повлече без борба. За тоа му бил даден рок до 15 јануари 1991 година. Но, Ирак не раегирал ниту на овие предупредувања. Тоа довело до почеток на нападите на силите на ООН раководени од САД, на 17 јануари 1991 година да ја почнат војната која е позната како "Пустинаска олуја".

Операцијата почнала со воздушни бомбардирања на градови и важни стратегиски цели на Ирак. Во војната учествувале 1.200.000 војници од двете страни. Мултинационалните сили биле стационирани во Саудиска Арабија и броеле 615.000 војници, а Ирак располагал со 540.000 војници. Во ова војна на 18 јануари 1991 година се вклучила и Турција, но тоа го направила индиректно со давање на дозвола американските авиони да ја користат базата Инџирлик. Ирак на ова реагирал со секојдневни бомбардирања на Израел и Саудиска Арабија.

Ирак уште во почетокот на операциите претрпел големи загуби, но Садам Хусеин не се повлекувал. Наредната фаза почнува на 25 февруари 1991 година кога мултинационалните војски извршиле и копнена интервенција.

Во меѓувреме Русија подготвиле мировен план кој се состоел од 6 точки. Според него повлекувањето на ирачките сили од Кувајт требало да го надгледува ООН. Но, САД го одбиле овој план и продолжила копнената операција која завршила на 28 февруари 1991 година со ослободување на Кувајт.

Воените операции дефинитивно завршиле на 1 март 1991 година, со прифаќање на условите за мир од страна на Ирак, кои биле изготвени од САД и ООН. Според нив Ирак требало да ги почитува Резолуциите на Советот за безбедност на ООН. По прифаќањето на условите од ирачка страна била дадена согласност за прекин на операциите. Во договорот се давало право на Сојузниците повторно да започнат операции, во случај Ирак да не го почитува договорот.

Резолуциите кои биле донесени од ООН после војната ги користат САД за постојани закани на Ирак и на Садам Хусеин. Тие го обвинуваа дека поседува хемиско, биолошко и нуклеарно оружје. САД барале од Садам Хусеин да пушти комисија за да оцени каква е ситуацијата и да направи увид на оружјето кое го поседува. По одбивањета на ова барања има постојани интервенции на мултинационалните сили, во кои главен збор има САД и Велика Британија.

Значајно за ова војна е тоа што уште во почетокот ООН се вклучија со цел да се реши кризата. Значајни се резолуциите кои беа усвоени за да се смири кризата. Резолуциите беа изгласани со цел да се сочува територјалниот интегритет и суверенитет на Кувајт. Ирачките војници и покрај Резолуциите на ООН постојано вршеле провокации на границите меѓу Турција и Кувајт. Така регионот бил под постојана опасност од избувнување на војна. Ситуацијата ескалира во 1997 година кога ирачките власти истерале шест американски стручнаци од Специјалната комисија која вршела контрола на оружјето кое го поседувал Ирак. Тој се правдал дека не е против Специјалната комисија на ООН, туку е против во неа да учествуваат Американци. Тоа било причина САД и Велика Британија да го зголемат борбеното присуство во Персискиот залив. Тие испратиле носачи на авиони, борбени авиони,

ловци и др. Американскиот претседател Бил Клинтон во 1997 година ќе изјави дека "на Садам Хусеин не смее да му се дозволи да го обнови производството на оружје за масовно уништување" и дека "Вашингтон и неговите сојузници ќе реагираат цврсто и енергично против Ирак". Оваа ситуација ќе се задржи во почетокот на XXI век, а особено се усложнува по септември 2001 година со нападот на терористите на САД. Тоа ќе доведе до американска интервенција во Ирак и симнување на режимот на Садам Хусеин.

### *Палестинското прашање во крајот на XX век*

Настаните во 90-тите години на XX век на Блискиот Исток, палестинското прашање го ставаат на втор план. Повеќето арапски земји се заинтересирани за создавање на палестинска организација која секоја арапска земја ќе ја контролира. Некои од арапските земји сакале да го изолираат палестинското движење од Блискиот Исток. Слична политика во тоа време воделе и некои од големите сили. Но, со оглед на се поголемата улога на ПЛО во 90-тите години на XX век тие во голема мерка го променија ова мислење.

Во 1991 година со посредство на САД меѓу Египет, Јордан и Сирија од една и Израел од друга страна дошло до преговори. Во текот на овие преговори била постигната согласност за давање на автономија на окупираните територии од 1967 година но тогаш не станало збор за создавање на независна палестинска држава.

Нови преговори се воделе во 1995 година меѓу Јицак Рабин, Јасер Арафат и Шимон Перез. Тогаш се постигнала одново согласност за давање на автономија на окупираните територии, по што Израел се обврзал да преземе мерки за давање на автономија. Израелската влада требала да им дозволи на Палестинците на западниот брег на Јордан и Газа сами да си избираат свои преставнички тела. Состанокот се одржал во Вашингтон. Учесниците во знак на попуштање на затегнатоста во регионот во Осло добија Нобелова награда за мир. Преговорите беа прекинати кога Јицак Рабин стана жртва на агентат извршен од Евреин, кој бил против постигнување на договор со Палестинците.

Во 1996 година на чело на Израел дошол претставникот на десничарските сили, Бенцамин Нетенјаху бил повикан во Вашингтон од администрацијата на американскиот претседател Бил Клинтон, со цел да се сугерира да се продолжи мировниот процес на Блискиот Исток. Ова барање на Бил Клинтон не дало резултати. Тоа е една од причинините на изборите во Израел да победи Ехуд Барак . Кога доаѓа на чело на Израелската држава покажал дека сака да го реши блискоисточниот проблем. Со него почна нов период во Израелско-палестинските односи. Палестинците голема надеж имале во него и сметале дека ќе се реши прашањето. Во едно интервју за Ен-Би-Си, Барак истакнал дека Палестинците можат да формираат своја држава, но Ерусалим и понатаму ќе остане главен град на Еврејската држава. Кога го прашале дали Палестинците ќе добијат своја држава тој одговорил дека не е пророк, дека кога ќе дојде времето Палестинците ќе преговараат за формата на

ентитет кој го сакаат можат да добијат држава. Барак презел значаен потег кога се состанал со египетскиот претседател Хусни Мубарак и со Јасер Арафат кој бил на чело на ПЛО. Преговорите завршиле неуспешно зошто не можеле да се договорат околу палестинските затвореници.

На избори во 2001 година победи Ариел Шарон Тоа довело до низа инциденти предизвикани од Палестинците, кои преку самоубиствени напади низ Израелската држава го искажувале своето незадоволство со политиката на Шарон. На ова Израел одговорил со испраќање на топови во областа контролирана од Палестинците.

На оваа територија се случувале секојдневни убиства каде страдаат мажи, жени и деца од двете страни што довело до меѓусебно истребување. Решавањето на ова прашање е клучно за да се смири ситуацијата на Блискиот Исток. Но и покрај сите обиди да се смири ситуацијата, на ова територија до денес не може да се воспостави мир.

### *Литература*

Голберг Џ., Јевреји- историја и религија. Београд 2003;
Енциклопедија Друге световне војне (1939-1945) Љубљана 1982;
Китановић Бранко, Рат на Западу. Београд 1987;
Ортаковски Владимир, Блискоисточниот конфликт и палестинското прашање. Скопје 1988;
Пешевска Маргарита, Меѓународните односи по Втората светска војна. Скопје 1999;
Пешевска Маргарита, Светот во транзиција. Скопје 2001;
Синадиновски Бранислав, Палестинското национално прашање и Блискоисточната криза. Скопје 1988;
Истиот, Јасер Арафат. Скопје 1992;
Шабоић Војмир, Јеврејство и Израел. Скопје 1982.

*Margarita PESHEVSKA*

# THE SITUATION IN THE MIDDLE EAST AFTER THE 80-IES OF THE XX CENTURY AND THE BEGINNING OF THE XXI CENTURY

***Summary***

At the end of XX century, there were a lot of changes caused, in front of all, by the fall of the Berlin Wall, the perestroika in the USSR and the collapse of the Warsaw Pact. That brought these changes to have an impact on the events in the Middle East. It was accompanied by wars between nations and peoples who inhabited this territory. The situation was fueled by local leaders who wanted to expand the territories at the expense of the other countries. Among these leaders it was Khomeini, who wanted to spread the Islamic revolution from Iran in all Arab countries, as well as Saddam Hussein who wanted Iraq to become the most powerful country in the Arab world. It led to war that took great material damage and a lot of lives. Similar was the situation in Israel where the fights which began in the 50's of XX century proceeded to the end of the century.

***Key words:*** *STATE OF ISRAEL, PALESTINE, IRAQ, IRAN, KHOMEINI, SADDAM HUSSEIN, YASSER ARAFAT*